Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), и член 8 став 8 од Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2001, 31/2003, 137/2006, 25/2007, 25/2007, 151/2007, 44/2010 и 62/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18 јуни 2012 година донесе

# О Д Л У К А

## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални подрачја и места

### Член 1

Во Одлуката за утврдување на оддалечени рурални подрачја и места (број 02- 16662/5 од 31.10.2011, 02 – 2354/5 од 23.02.2012 и 02-5573/31 од 05.04.2012 година), во член 1 се вршат следните дополнувања:

Кај подрачната служба Ресен, во руралното подрачје „Љубојно“ со шифра „2301“, се бришат населените места Крани, Претор, Сливница Аравати и Штрбово.

По руралното подрачје со шифра 2302 - „Стење“ се додава ново рурално подрачје со шифра 2303 - „Крани“ со следните населени места:

| Р.бр | Назив на подрачна служба | Шифра на рурално подрачје / место | Шифра на населеното место | Назив на населеното место / подрачје носител на руралноста / населени места од уралното подраќје |
|---|---|---|---|---|
| | **РЕСЕН** | **2303** | **412953** | **КРАНИ** |
| | | | 412953 | КРАНИ |
| | | | 413097 | ПРЕТОР |
| | | | 413135 | СЛИВНИЦА |
| | | | 412716 | АРВАТИ |
| | | | 413186 | ШТРБОВО |
| | | | | |

Кај подрачната служба Струга, по руралното подрачје со шифра 2604 –„Франгово“ се додава ново рурално подрачје со шифра „2605“ - „Радожда“:

| Р.бр | Назив на подрачна служба | Шифра на рурално подрачје / место | Шифра на населеното место | Назив на населеното место / подрачје носител на руралноста / населени места од уралното подраќје |
|---|---|---|---|---|
| **2** | **СТРУГА** | **2605** | **415553** | **РАДОЖДА** |
| | | | 415553 | РАДОЖДА |

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јули 2012 година.

**Број: 02 – 10428/**
**18 јуни 2012 година**
**Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Елена Трпковска**